ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:29-154/3

Дата:10.02.2014

**ДО**
**ОПШТИНА ТЕТОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Тетово за 2012 година.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2009 година на Општина Тетово е извршена во 2012 година, при што е констатирано дека не е постигнат напредок во имплементација на препораките.

За финансиските извештаи за 2012 година на сметката на основниот буџет (630) на Општина Тетово изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста како и за усогласеност со закони и прописи.

Во Општина Тетово не е воспоставен систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината. Нема донесено пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдување, наплата и контрола на пресметките за утврдување на даноците на имот, на специфични услуги и комунални такси.
Кај интерните контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои обезбедуваат навремено и транспарентно донесување на Буџетот на Општина Тетово согласно Законот за буџети. И покрај извршениот и донесен ребаланс на Буџетот има значително

отстапување од планираните и извршените приходи и расходи во текот на 2012 година.
Општина Тетово како правен субјект не е регистиран како даночен обврзник за ДДВ согласно Закон за додадена вредност и покрај законската обврска, имајќи ја во предвид висината на остварениот приход по основ на надоместок за паркирање на возила, кој според овој закон е оданочив.

Не е извршено целосно ажурирање на регистарот на обврзници на данок на имот од аспект на вредноста на недвижниот имот, поради не извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

Општината во текот на 2012 година нема остварено приходи од закупнина на просторот за поставување на рекламни објекти, комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и не е пресметан надоместок за користење на електрична енергија за истите.

Не е изготвен регистар на обврзници по основ на такса за привремен престој, нема воспоставен надзор и не се преземени мерки за наплата на таксата, како и не е донесена Програма за потикнување на развојот на туризмот. Оставарените приходи не соодветствуваат со бројот на регистрирани објекти кои даваат услуги за сместување на туристи и патници на територијата на општината.

Нема донесено Одлука за утврдување на висината на надоместокот за јавна чистота и не се остваруваат приходи по овој основ.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки на одговорното лице и надлежните органи.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Тетово, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2012 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Тетово за 2009 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Тетово под 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е со резерва, како и мислењето за усогласеноста со закони и прописи во извештајот е со резерва. Во 2012 година извршена е ревизија на имплементацијата на дадените препораки .

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Проф. Д-р Сади Беџети - Градоначалник на Општина Тетово од 05.04.2009 до 06.04. 2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Тетово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни и соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како

релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 18.11.2013 до 03.12.2013 година, кај Општина Тетово на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2009 година на Општина Тетово е извршена во месец февруари 2012 година. За извршената ревизија е изготвен преглед на резултатите од имплементацијата на препораките кој е доставен до одговорното лице на субјектот каде е констатирано дека не е постигнат напредок во имплементација на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот предмет на ревизија на 20.12. 2013 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29 -576/5 од 30.12.2013 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на утврдување и наплата на приходи**

4.1.1. Во Општина Тетово не е воспоставен систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна

општината согласно член 6, 7 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, односно не постои ex-ante и ex-post финансиска контрола.
Нема донесено пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдувањето, наплатата и контролата на пресметките за утврдување на даноците на имот, на специфични услуги и комунални такси.
Невоспоставените контроли создаваат ризик од нецелосно и ненавремено утврдување на даноци, такси и надоместоци, но позначителни грешки во пресметките на приходите што ги утврдува и наплатува општината не се утврдени.
Овие состојби се утврдени и во Конечниот извештај за 2009 година.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности во насока на донесување пишани процедури во кои јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на утврдување и наплата на приходите за кои е надлежна општината и имплементација на истите.

**4.1.2. Процес на буџетирање**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои обезбедуваат навремено и транспарентно донесување на Буџетот на Општина Тетово согласно Законот за буџети и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Ова се должи на следното:

- не е донесен буџетски календар од страна на Советот на општината со кој се регулираат роковите за планирање на општинскиот буџет и носителите на конкретните активности;
- не постои разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање;
- делумно се почитуваат насоките дадени во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии;
- не се одржани јавни расправи во функција на транспарентно донесување на буџетот и
- не е донесен план за програмите за развој.

Невоспоставените интерни контроли создаваат ризик од нетранспарентно носење на Буџетот, нереално буџетирање и не почитување на законските одредби.

**Препорака**
Градоначалникот да преземе мерки и активности за донесување на процедури во функција на навремено и транспарентно донесување на Буџетот.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Тетово со буџетот за 2012 година има планирано приходи и расходи во износ од 689,111 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 373,007 илјада денари и расходи во износ од 367,317 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 54%, а расходите со 53%. Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, Градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот. Со ребалансот на буџетот во септември 2012 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните.
Отстапувањето во најголем дел се должи на повеќе планирани приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија поради задоцнетото добивање на ингеренции во вршење на работи за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, и повеќе планирани приходи по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште.

**Препорака:**
Одделението за финансирање и буџет:
- планирањето на буџетските приходи и расходи при изготвување на буџетот да го темели на реалните состојби и можности на општината и податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување и
- во случај на позначително отстапување да го информира градоначалникот кој треба да предложи на Советот измени и дополнување на буџетот.

4.2.2 Во текот на 2012 година Општина Тетово има остварено приходи во износ од 5,809 илјади денари (2011 година 4,973 илјади денари) по основ на надоместок за паркирање на возила. Општина Тетово како правен субјект не е регистиран како даночен обврзник за ДДВ согласно член 51 став 1 од Закон за додадена вредност. Согласно член 10 став 2 од Законот за додадена вредност државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и другите јавноправни тела се даночни обврзници доколку во рамките на одредена стопанска дејност вршат промет, кој според овој закон е оданочив. Ефект од ваквото постапување е помалку остварени приходи во корист на Буџетот на Република Македонија за 2012 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Тетово да преземе мерки и активности во функција на регистрација на Општината како ДДВ обврзник за делот на приходите кои ги

остварува по основ на користење на паркинг простор согласно Законот за данокот на додадена вредност или да го преостапи стопанисувањето со паркинг просторот.

4.2.3. Советот на Општина Тетово нема усвоено годишен извештај за работењето на Општина Тетово во 2012 година. Усвоена е годишна сметка но не и прилог извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност, извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка, што не е во согласност со член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа каде е утврдена содржината на годишниот извештај. Не доставување на годишен извештај за работењето на општината од Градоначалникот до Советот ја намалува транспарентноста на работењето на општината и придонесува советниците и граѓаните да не се информирани за реалните состојби во кои се наоѓа општината и влијае на донесувањето на одлуките од страна на Советот.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за изготвување на годишен извештај кој ќе содржи податоци за средствата, побарувањата, обврските, изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми и извештај од одговорниот сметководител за точноста и веродостојноста на годишната сметка и истиот да биде усвоен од Советот.

**Приходи по основ на даноци на имот**

4.2.4. При ревизија на приходите кај утврдувањето и наплатата на даноците на имот ревизијата утврди дека постои ризик од некомплетност на приходите по основ на данок на имот поради следното:

- податоците за даночните обврзници добиени од Управата за јавни приходи (регистар на недвижен имот) не се целосно ажурирани, односно се ажурираат податоците само за даночни обврзници кои извршиле купопродажба на недвижен имот, со што даночните обврзници се ставаат во нерамноправна положба;
- утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот се врши со споредба со друг имот, без излегување на Комисија на лице место и применување на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и

Ваквото постапување не е во согласност со членот 5 од Законот за даноците на имот, согласно кој основицата за данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Цената на земјиштето и поделбата на Општина Тетово на зони се уредени со акт кој не е донесен од Советот на општината, што не е во согласност со член 36 од Законот за локална самоуправа каде е утврдено дека Советот на општината ја утврдува висината на сопствените приходи

Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот, придонесува за постоење на ризик од нецелосност и неточност на наплатените приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на општината.

**Препорака:**
Даночното одделение:
- да изврши целосно ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот и
- Актот со кои се уредени цената на земјиштето и поделбата на Општина Тетово на зони да биде донесена од Советот на општината.

**Приходи по основ на комунални такси**

4.2.5. Обврската за комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно Законот за комуналните такси се пресметува врз основа на поднесена пријава на обврзникот пред истакнувањето на рекламата, односно огласот, а се плаќа веднаш.
Согласно член 41 став 4 од Законот за јавни патишта и член 11 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Општина Тетово е надлежна и издава дозволи за поставување на рекламни паноа на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците низ градот.
При ревизијата на приходите по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места ревизијата го констатира следното:
- евидентираните приходи по овој основ во 2012 година во износ од 1.118 илјади денари се однесуваат само за годишна закупнина на просторот за поставување на висечки панели за комерцијално и информациони цели на различни локации;
- Општина Тетово има склучено договори со четири рекламни агенции за поставување на 92 билборди со обврска за плаќање на надоместок за користење на локациите и потрошената електрична енергија, без обврска за пресметување и плаќање на комунална такса. Од страна на надлежни лица во општината не е извршен увид на лице место и не е утврден вкупниот број на поставените рекламни паноа на територија на општината. Во текот на 2012

година не е пресметано и не се изготвени фактури за годишна закупнина на просторот за поставување на рекламни објекти, како и комунална такса за истите за вкупен износ од 2.218 илјади денари.

Сите рекламни објекти се вклучени на уличното осветлување, поради што општината треба дополнително да пресмета и надоместок за користење на електрична енергија (ефективно пресметана според вградената електрична енергија) бидејќи согласно договорите потрошокот на електрична енергија паѓа на товар на закупувачот на издадените микролокации.

Како ефект на ваквите состојби е ненавремена и нецелосна наплата на приходите по овој основ и влијае на помалку остварени приходи во корист на Буџетот на Општина Тетово.

Во текот на 2013 година издадени се фактури и делумно наплатено приходи по основ на годишна закупнина на просторот за поставување на рекламни објекти, но се уште не се утврдува и наплатува комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и потрошена електрична енергија за истите.

**Препорака:**

Одделението за администрирање со приходи да преземе марки и активности за имлементација на одлуката за комуналните такси донесена од Советот на Општина Тетово.

4.2.6. Во 2012 година во Општина Тетово остварен е приход по основ на такса за привремен престој во износ од 138 илјади денари, иако на територијата на Општина Тетово има повеќе регистрирани објекти кои даваат услуги за сместување на туристи и патници. Согласно член 7 и 8 од Законот за таксата за привремен престој, вршителите на угостителска и туристичка дејност, таксата за привремен престој се должни да ја наплатат истовремено со извршената услуга за ноќевање и да ја уплатат на сметката на општината.

Во општината не е изготвен регистар на обврзници по овој основ, не се врши надзор, не се преземаат мерки за наплата на таксата, како и не е донесена Програма за потикнување на развојот на туризмот, што не е во согласност со членот 9 и 10 од Законот за таксата за привремен престој. Невоспоставениот надзор над наплатата на таксата за привремен престој резултира до намалени приходи на општината и ги ограничува нејзините активности и можности за потикнување на развојот на туризмот.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Тетово да преземе мерки и активности за:

- донесување на Програма за потикнување на развојот на туризмот;

- изготвување на регистар на обврзници (вршители на угостителска и туристичка дејност) и
- наплата на приходот по основ на такса за привремен престој.

4.2.7. Општина Тетово не остварува приходи по основ на надоместокот за одржување на јавната чистота што не е во согласнст со член 24 од Закон за јавна чистота. Причина за оваа состојба е тоа што Советот на општината нема донесено одлука за утврдување на висината на надоместокот за јавна чистота.
Донесена е Програма за оддржување на јавна чистота на ЈКП „Тетово„ Тетово за 2012 година со која се регулира: одржувањето на јавна чистота, чистење на снег во зимски услови, чистење на зеленило на јавните површини и собирање на отпадоци од истите, без финансиска подршка на истата.
Невоведената обврска за плаќање на надоместок за јавна чистота придонесува за намалени приходи во буџетот на општината и доведува до ризик од реализација на Програмата за јавна чистота.

**Препорака:**
Советот на Општина Тетово да донесе Одлука за утврдување на висината на надоместокот за јавна чистота.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на Општина Тетово со состојба на 31.12.2012 година не е целосно извршен во делот на пописот на побарувањата од аспект на утврдување на правната основа за постоење и старосната структура на истите, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Неизвршување на пописот во согласност со законската регулатива создава ризик од непотврдување на побарувањата, непреземање на мерки за навремена наплата и можност за нереално искажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, да ја задолжи Комисијата, да врши попис на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и старосна структура со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката од 4.2.4. до 4.2.7. и 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Тетово на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките од 4.2. и 4.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Тетово, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

Обрнуваме внимание дека Општина Тетово е тужена странка од 25 (дваесет и пет) субјекти и тоа: 18 (осумнаест) физички лица за долг од 8.156 илјади денари, 7 (седум) правни лица за долг од 19.533 илјади денари, 2 (две) физички лица без утврден износ на долгот.
Општина Тетово се јавува како тужител на еден субјект за долг од 100 илјади денари.
Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 07.02.2014 година

ОПШТИНА ТЕТОВО

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 153.083 | 195.970 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 10.400 | 7.792 |
| Капитални приходи | 3.3. | 156.774 | 4.172 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 52.750 | 58.052 |
| **Вкупно приходи** | | **373.007** | **265.986** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 106.421 | 82.004 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 4.921 | 1.855 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 81.516 | 81.235 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 14.855 | 13.889 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 1.973 | 2.264 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **209.686** | **181.247** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **157.631** | **81.381** |
| **Вкупно расходи** | | **367.317** | **262.628** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **5.690** | **3.358** |

ОПШТИНА ТЕТОВО

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.690 | 3.358 |
| Побарувања | 4.1.2. | 169.521 | 146.569 |
| **Вкупно тековни средства** | | **175.211** | **149.927** |
| **Вкупна актива** | | **175.211** | **149.927** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 175.211 | 149.927 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **175.211** | **149.927** |
| **Вкупна пасива** | | **175.211** | **149.927** |